**20192543956**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19 и 180/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 декември 2019 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОИ НЕ СЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРАНИ ЗА 2019 ГОДИНА

1. Во Програмата за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.4/19), во насловот зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Во делот 5.„ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА“ износот „2.870.200.000,00“ се заменува со износот „3.054.200.000,00“.

Низ целиот текст на програмата зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-9847/1
10 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.